Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 22.07.2019 | | |
|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Пр... |
| | 38-24/1 | 2 |

**Влада на Република Северна Македонија**

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Архивски број: 08-803/4 — 18-07-2019, 2019

**Предмет:** Барање за номинација на член на Координативно тело за учество на Република Северна Македонија на „EXPO Dubai 2020"

Почитувани,

Известуваме дека Владата на Република Северна Македонија на сто-триесет и деветтата седница одржана на 11 јуни 2019 година донесе одлука за учество на „EXPO Dubai 2020", кој се смета за еден од најголемите најавени светски саемски настани, а кој ќе се одржи во периодот од 20.10.2020 до 10.04.2021 година во Дубаи, Обединети Арапски Емирати.

Согласно Информацијата на Владата на Република Северна Македонија за учество на „EXPO Dubai 2020", потребно е да се формира Координативно тело, кој ќе го координира учеството на Република Северна Македонија на горенаведениот настан. За таа цел, молиме најдоцна до **22 јули 2019 г.**, да номинирате еден член од вашата институција на Координативното тело. Воедно, врз основа на потпишаниот меморандум за Јавен-приватен дијалог помеѓу Владата на Република Северна Македонија и стопанските комори на 5 мај, 2018 година, ги покануваме и стопанските комори да номинираат член во Координативното тело. Воедно, го покануваме номинираното лице од вашата институција на првиот координативен состанок што ќе се одржи на **22 јули 2019 г., (понеделник) во 11.00 часот**, во свечената сала на Владата на Република Северна Македонија.

Со почит,

**Шеф на Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Мирјана Јанева**


Канцеларија на Претседателот на Владата
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

**Влада на Република Северна Македонија**
- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Лице за контакт:
**Олимпија Христова Заевска**
Генерален комесар на
Република Северна Македонија за „EXPO Дубаи 2020"
**071/364-663**
**olimpija.zaevska@vlada.gov.mk**

**Доставено до:**

- Канцеларија на Претседател на Влада на Република Северна Македонија
- Канцеларија на Заменик Претседател на Влада на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања
- Министерство за надворешни работи
- Министерство за економија
- Министерство за транспорт и врски
- Министерство за култура
- Министерство за образование и наука
- Министерство за здравство
- Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство
- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Министерка без ресор задолжена за странски инвестиции Зорица Апостолска
- Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
- Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот
- Агенција за поддршка на претприемништвото
- Агенција за поддршка и промоција на туризмот
- Агенција за енергетика
- Заедница на единиците на локална самоуправа на Република Северна Македонија
- Совет за соработка помеѓу Владата на РСМ и граѓанскиот сектор
- Сектор за односи со јавноста при канцеларијата на Владата на Република Северна Македонија
- Фонд за иновации и технолошки развој
- Стопанска комора на Македонија
- Стопанска комора на Северозападна комора
- Сојуз на стопански комори
- Стопанска комора за туризам на Македонија
- МАСИТ
- Скопски саем